**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**-Одбор за подигање спомен обележје**
**на „Павел Шатев“**
**12.12.2011 год.**
**С к о п ј е**

До

**СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**С К О П Ј Е**

Согласно Одлуката за подигање спомен обележје на „Павел Шатев“ бр. 07 – 3756/24 од 24.09.2011 година /„Службен гласник на Општина Центар“ бр.10/2011 донесена од Советот на Општина Центар – Скопје, Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „Павел Шатев“ го поднесува следниот

# И З В Е Ш Т А Ј

Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „Павел Шатев“ формиран со Одлука на Советот на Општина Центар бр. 07-3756/24 од 24.09.2011 година, утврди текст на Конкурс за изработка на идеен проект за подигање спомен обележје на „Павел Шатев“ и проектна програма.

Одборот одреди Конкурсот да се објави во дневните весници „Дневник“ и „Вест“ и рокот на траење на Конкурсот да биде до 18.11.2011 година.

Во утврдениот рок на траење на конкурсот пристигнаа 15 конкурсни трудови заедно со приложената документација.

Одборот констатира дека сите 15 трудови се пристигнати во предвидениот рок истите се комплетни и пристапи кон поедноично оценување на секој труд.

По поединичното оценување на секој труд, на седницата што ја одржа на ден 12.12.2011 година, Одборот одлучи да додели:

- Прва (изведбена) награда во износ од 200.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Павел Шатев“ под работен (деловоден) број 08 - 4740/1 на авторот Миле Брцески, академски скулптор од Прилеп.

Трудот преку својата пластика го привлекува вниманието на гледачот имајќи ги предвид индивидуалните белези и истакнувајќи се со одлични скулпторски партии кои се систематски организирани во просторот.

Присутен е еден вонреден скулпторски набој кој допринесува во длабокото доживување на решението.

- Втора награда во износ од 120.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Павел Шатев“ под работен (деловоден) број 08 - 4770/1 на авторот Сретко Јовановски, академски скулптор од Скопје.

Одборот констатира дека решението е воспоставено со специфична нарација и стилизација на композицијата. Пластицитетот и ракописот на авторот е сериозен и по однос на слоевитоста на скулпторскиот занает.

Ликовно- естетските содржини се манифестирани со сериозно конципирана скулпторска агенда. Деталното решение – портрет најавтентично ги доловува физичките особености на ликот.

- Трета награда во износ од 60.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Павел Шатев“ под работен (деловоден) број 08 - 4283/1 на авторот Ангел Коруновски, академски скулптор од Велес.

Трудот е многу длабок во изразеноста на смиреноста и хармонијата во композицијата без да ризикува во извесни домени. Пропорциските односи задоволуваат високи критериуми, а пластичноста во моделацијата покажува зрелост во високо издржани содржини на формата.

Согласно изнесеното Одборот му предлага на Советот да се подигне спомен обележје на „Павел Шатев“ според прво наградениот идеен проект на авторот Миле Брцески, академски скулптор од Прилеп.

Одбор за подигање спомен
обележје на „Павел Шатев“
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Дамјан Мирчевски